«ГЖ.бр.-2272/12»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Олга Ангелова, претседател на советот, д-р Марика Матеска и Мустафа Дардхишта, членови на советот, во правната работа на тужителот Македонски Телеком АД Скопје, против тужената М.Ф. од Скопје, за долг, вредност на спорот 21.869,00 денари, решавајќи по жалбата на тужената М.Ф. од Скопје, изјавена преку полномошник Никола Трајчев, адвокат од Скопје, против пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје МАЛВ.П-2633/10 од 23.12.2011 година, чиј составен дел е решението на Основниот суд Скопје 2 Скопје МАЛВ.П-2633/10 од 19.07.2012 година, на нејавната седница одржана на 14.11.2012 година, ја донесе следната

П Р Е С У Д А

ЖАЛБАТА на тужената М.Ф. од Скопје, изјавена преку полномошник Никола Трајчев, адвокат од Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд Скопје 2 Скопје МАЛВ.П-2633/10 од 23.12.2011 година, чиј составен дел е решението на Основниот суд Скопје 2 Скопје МАЛВ.П-2633/10 од 19.07.2012 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје 2 Скопје со обжалената пресуда МАЛВ.П-2633/10 од 23.12.2011 година го усвоил тужбеното барање на тужителот Македонски Телеком АД Скопје, па се задолжува тужената Мелехате Фејзулаху од Скопје да му плати на тужителот на име главен долг износ од 21.869,00 денари со законска затезна камата согласно ЗВСЗК и тоа: - за месец 09/00 на износ од 6.7,50 денари сметано од 23.10.2000 година, па до 31.01.2010 година; - за месец 10/00 на износ од 2.851,00 денари сметано од 20.11.2000 година, па до 31.01.2010 година; - за месец 11/00 на износ од 460,00 денари сметано од 24.12.2000 година, па до 31.01.2000 година; - за месец 12/00 на износ од 3.143,00 денари сметано од 20.01.2001 година, па до 31.01.2010 година; - за месец 01/01 на износ од 2.903,50 денари сметано од 20.02.2001 година до 31.01.2010 година и - за месец 02/01 на износ од 1.784,00 денари сметано од 20.03.2001 година, па се до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година за сите предходно наведени износи законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му предходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени, па до исплатата, како и да му ги надомести трошоците по постапката во износ од 25.076,00 денари, се во рок од 8 дена по приемот на одлуката, под страв на присилно исполнување.

Основниот суд Скопје 2 Скопје со решение МАЛВ.П-2633/10 од 19.07.2012 година извршил исправка во диспозитивот на пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје МАЛВ.П-2633/10 од 23.12.2011 година така што во изреката на пресудата во став 2 алинеа 1 каде што стои за месец 09/00 на износ од „6.7,50 денари“ треба да стои износ од „6.727,50 денари“, како и исправка за месец 11/00 место „460,00 денари“ треба да стои „4.460,00 денари“. Ова решение е составен дел на пресудата. Во останатиот дел пресудата останува неизменета.

Незадоволна од ваквата одлука на првостепениот суд останала тужената која изјавила жалба преку полномошник Никола Трајчев, адвокат од Скопје, со која ја напаѓа првостепената пресуда поради суштествени повреди на одредбите од ЗПП, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата да се уважи, обжалената пресуда да се укине и предметот да се врати на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување или жалбата да се уважи, а обжалената пресуда да се преиначи со тоа што тужбеното барање ќе се одбие како неосновано.

Одговор на жалбата не е поднесен.

Апелациониот суд Скопје по проучување на списите во предметот ценејќи ја обжалената пресуда и наводите во жалбата, најде:

Жалбата е неоснована.

Согласно чл.438 ст.1 од ЗПП, пресуда или решение со кое завршува спорот во постапката од мала вредност може да се побива само поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 на овој закон и поради погрешна примена на материјалното право, па бидејки се работи за спор од мала вредност, согласно чл.438 ст.1 од ЗПП судот не се впушта во оценка на фактичката состојба.

Апелациониот суд Скопје ги ценеше жалбените наводи на тужената дека првостепениот суд при одлучувањето сторил суштествена повреда од чл.343 ст.2 т.7 од Законот за парничната постапка, со тоа што на тужената не и е дадена можност да расправа пред судот бидејќи првостепениот суд не извел доказ распит на странки, а за распит немало ни уредна достава на покана за тужената, но не ги прифати од следните причини:

Имено, видно од записникот од 26.09.2011 година полномошникот на тужената предложил распит на странки и за изведување на овој доказ тужената е известена преку нејзиниот полномошник Татјана Јанчева, со заменичко полномошно од Никола Трајчев адвокат од Скопје. Истата земала обврска да ја извести тужената за изведување на овој доказ, поради што се зема дека тужената била уредно известена за распит на странки во смисла на член 253 став 2 од ЗПП.

Неоснован е жалбениот навод за сторена суштествена повреда од чл.343 ст.2 т.13 од Законот за парничната постапка. Обжалената пресуда е јасна и разбирлива со доволно причини за решителните факти од кои се раководел судот при донесување на својата одлука, изреката нема недостатоци, не противречи со причините дадени во образложението за таквото одлучување. Пресудата може во целост и со сигурност да се испита.

Апелациониот суд Скопје ги ценеше жалбените наводи дека првостепениот суд еднострано ги ценел доказите само на тужителот, но не и на тужената, па дека поради тоа судот не можел правилно да го примени материјалното право, односно дека тужената нема долг спрема тужителот, но овој суд смета дека се неосновани. Ова од причина што од страна на тужената не се приложени докази во поткрепа на тужбеното барање, па правилно првостепениот суд ги ценел оние докази кои се предложени од страна на тужителот.

Апелациониот суд Скопје смета дека првостепениот суд на правилно и целосно утврдени факти правилно го применил материјалното право кога го усвоил тужбеното барање на тужителот на начин како во изреката на обжалената пресуда. Имено, правилно првостепениот суд констатирал дека тужената како претплатник на Јавната мобилна телефонска мрежа со преплатнички код 1.10145820, користела мобилен претплатнички број 70246159, во периодот 09, 10, 11 и 12.2000 година и 01 и 02 месец 2001 година и според финансиската картица према тужителот сторила долг во износ од 21.869,00 денари.

Имено, правилна е констатацијата на првостепениот суд дека според увидот во листинзите произлегува дека тужената користела мобилен телефон со претплатнички број 70246159 и во случајов не станува збор за службен телефон, кој телефон тужената го користела во периодот кога работела кај Холандскиот контигент КФОР Македонија од 01.07.1999 година до крајот на месец мај 2000 година.

Со оглед на погоре изложеното согласно чл.357 од ЗПП, судот одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда.

Апелационен суд Скопје ГЖ.бр.-2272/12 од 14.11.2012 година.

Претседател на совет-судија
Олга Ангелова с.р.